ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-1202/1
31.12 2019 год.
СКОПЈЕ 1

ПРАВИЛНИК

ЗА ЕДИНСТВЕНИ КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАУЧНИ, НАСТАВНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Скопје, 30.12.2019 година

Врз основа на член 94 с.21 од Законот за високо образование („Службен весник на РМ" бр. 82/18), Универзитетскиот сенатот на Европскиот Универзитет Скопје на 82-та седница одржана на 30.12.2019 година, го донесе следниот:

ПРАВИЛНИК

за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни,наставни и соработнички звања на Европски Универзитет Скопје

I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Европскиот Универзитет Скопје (во натамошниот текст Универзитетот).

Овој Правилник непосредно ќе се применува на единиците на Универзитетот.

Член 2

Високообразовна дејност може да врши само лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање за времето за кое е избрано.

Лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно или соработничко звање може да врши високообразовна дејност на факултет или на висока стручна школа.

Лице избрано во наставно звање може да врши високообразовна дејност само на висока стручна школа.

По исклучок од ставот 1 на овој член лице избрано во научно звање согласно со одредбите на Законот за научно-истражувачката дејност, може да врши високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус во согласност со Законот за високото образование според еквивалентноста на звањата.

НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАСТАВНО-СТРУЧНИ, НАУЧНИ, НАСТАВНИ, СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА И ДЕМОНСТРАТОРИ

Член 3

На факултетот наставно-научни звања се доцент, вонреден професор и редовен професор.

На факултетите во областа на филолошките науки и на другите високообразовни установи на кои се изведува настава по јазик, наставно-стручни звања се лектор и виш лектор.

На високите стручни школи наставни звања се предавач, виш предавач и професор на висока стручна школа.

На високообразовните установи може да се врши избор и во научни звања согласно со Законот за научно-истражувачката дејност.

Истражувачите во институтите за вршење на научно-истражувачка дејност се избираат во научни звања научен соработник, виш научен соработник и научен советник.

Заради вршење на високообразовна дејност, под условите утврдени со Законот за високото образование, научните звања стекнати според одредбите на законот со кој се уредува научно-истражувачката дејност, одговараат на следните наставнички звања:

- научен советник на редовен професор,

- виш научен соработник на вонреден професор,

- научен соработник на доцент и - соработник во научно-истражувачката дејност на соработник во високообразовна установа.

Еквивалентните звања од ставот 6 на овој член можат да се користат како наставнонаучни и соработнички звања, ако научната установа добила акредитација за вршење на последипломски и докторски студии, во обем и под условите утврдени со Законот за високото образование и со решението за акредитација.

Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

Во меѓународниот промет, за наставно-научните звања на факултетите се користат следните називи на англиски јазик:

1. за доцент - Assistant professor, со кратенка - Asst. Prof. Dr.sc,

2. за вонреден професор - Associate professor, со кратенка - Assoc. Prof. Dr.sc и

3. за редовен професор - Professor, со кратенка - Prof. Dr.sc.

Во меѓународниот промет за наставно-научните звања на стручно-уметничките предмети на факултетите се користат следните називи на англиски јазик:

1. за доцент - Assistant professor, со кратенка - Asst. Prof. Dr.art, односно Asst. Prof. Mr.art,

2. за вонреден професор - Associate professor, со кратенка - Assoc. Prof. Dr.art, односно Assoc. Prof. Mr.art, и

3. за редовен професор - Professor, со кратенка - Prof. Dr.art, односно Prof. Mr.art.

АСИСТЕНТИ, УМЕТНИЧКИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

Член 5

На факултетот соработничко звање е асистент.

На факултетот од областа на уметноста или уметничката академија може да се избере уметничкиу соработник (корепетитор, снимател, монтажер, продуцент и слично).

На факултетите каде што се изведува лабораториска и друг вид стручна настава може да се избере стручен соработник (лаборант и слично).

Соработниците од став 1 на овој член се избираат за наставно-научна, односно уметничка област утврдена со Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области (Меѓународна фраскатиева класификација).

Соработниците од ставовите 1, 2 и 3 на овој член учествуваат во наставно-образовниот процес на начин и во обем определен со Статутот на Универзитетот.

ДЕМОНСТРАТОРИ

Член 6

На факултетот, односно на високата стручна школа, можат да се избираат демонстратори како помошници во наставно-образовниот процес на првиот циклус на студии.

Демонстратор може да биде лице кое е студент на втор или трет циклус на студии.

За демонстратор може да биде избран студент кој студиите од првиот циклус (додипломските студии) ги завршил со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум).

За демонстратор на студиски програми од интегриран прв и втор циклус може да биде избран студент кој има остварено најмалку 180 ЕКТС кредити и просечна оцена од најмалку 8,00 (осум).

Демонстратор се избира за период од една учебна година, со право да биде реизбран уште два пати на истата единица на универзитетот.

Посебните услови и постапката за изборот на демонстраторите, како и нивните права и обврски во наставно-образовниот процес се уредуваат со општ акт на универзитетот и општ акт на единицата на универзитетот, односно со општ акт на самостојната висока стручна школа.

Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определен со студиската програма.

Факултетот, односно високата стручна школа и демонстраторот склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски.

Исплатата на надоместоците за избраните демонстратори се врши од сопствените приходи на факултетот, односно самостојната висока стручна школа, за што не се бара согласност од Министерството за финансии.

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАСТАВНО-СТРУЧНИ, НАСТАВНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА

Член 7

Критериуми за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања се:

1. стекнато образование,

2. резултати од научно-истражувачка работа и

3. резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научно-истражувачки подмладок,

4. стручно-применувачка или стручно-уметничка дејност.

Се пропишуваат општи и посебни услови за изборот во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања.

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА

Член 8

Во наставно-научно звање доцент, може да биде избрано лице кое:

1. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус,

2. има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира,

3. има објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација согласно со Закон за високото образование во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор,

4. има познавање на најмалку еден странски јазик,

5. има способност за изведување на високообразовна дејност.

Во наставно-научно звање вонреден професор, може да избрано лице кое:

1. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус,

2. има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира,

3. има објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација во согласност со Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор,

4. било претходно избрано во наставно-научно звање доцент и

5. има способност за изведување на високообразовна дејност.

Во наставно-научно звање редовен професор, може да биде избрано лице кое:

1. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус,

2. има научен степен доктор на науки од соодветната област,

3. има објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор,

4. да бил претходно избран во звање вонреден професор,

5. има објавен рецензиран учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира и

6. има способност за изведување на високообразовна дејност.

Странскиот јазик односно јазици чие познавање се бара заради исполнување на условот од ставот 1 точка 4 на овој член, нивото на познавање и начинот на проверка на познавањето на странскиот јазик, односно јазици, поблиску се регулираат со општ акт на универзитетот, односно со општ акт на самостојната висока стручна школа.

На лицата кои имаат заснован работен однос како доцент, вонреден професор, асистент, асистент докторанд или помлад асистент на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование („Службенвесник на РМ''бр.82/18), нема да се применуваат одредбите од ставот 2 точка 1 и ставот 3 точка 1, при нивниот избор во исто или повисоко наставно-научно звање без оглед на која високообразовна установа се врши новиот избор.

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ

Член 9

За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус, признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата, како и способност за наставна работа.

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-СТРУЧНИ ЗВАЊА

Член 10

За лектор може да биде избрано лице кое:

1. има завршено студии од втор циклус на академски студии,

2. има стекнато назив магистер од соодветната област,

3. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно и

4. има наставно и практично искуство во полето во кое се избира.

За виш лектор може да биде избрано лице кое:

1. има завршено студии од втор циклус на академски студии,

2. има стекнато назив магистер од соодветната област,

3. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно,

4. има наставно и стручно искуство во областа во која се избира,

5. било претходно избрано за лектор на високообразовна установа и

6. има објавено научни и стручни трудови во областа во која се избира.

На лицата кои се избрани во наставно-стручно звање со заснован работен однос пред стапувањето во сила на Законот за високото образование („Службенвесник на РМ'' бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од ставот 1 точка 3 и ставот 2 точка 3, при нивниот избор во исто или повисоко наставно-стручно звање без оглед на која високообразовна установа се врши новиот избор.

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНИ ЗВАЊА НА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА

Член 11

За предавач на висока стручна школа може да биде избрано лице кое:

1. има завршено втор циклус на академски студии,

2. има стекнато назив магистер од соодветната област,

3. покажува способност за наставна и високостручна работа,

4. има објавени стручни трудови,

5. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно и

6. има повеќегодишно успешно искуство во работите од својата струка.

За виш предавач на висока стручна школа може да биде избрано лице кое има:

1. завршено втор циклус на академски студии,

2. има стекнато назив магистер од соодветната област,

3. има објавени поголем број научни, односно стручни трудови,

4. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно и

5. покажало способност за наставна и високостручна работа по изборот за предавач на висока стручна школа.

За професор на висока стручна школа може да биде избрано лице кое:

1. има научен степен доктор на науки,

2. има објавено научни и стручни трудови по изборот за виш предавач на висока стручна школа,

3. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно и

4. покажало способност за наставна и високостручна работа по изборот за виш предавач на висока стручна школа.

На лицата кои се избрани во наставно звање со заснован работен однос пред стапувањето во сила на Законот за високото образование („Службенвесник на РМ'' бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од ставот 1 точка 5, ставот 2 точка 4 и ставот 3 точка 3, при нивниот избор во исто или повисоко наставно звање без оглед на која висока стручна школа се врши новиот избор.

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА

Член 12

За асистент може да биде избрано лице кое:

1. има завршено прв и втор циклус на академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити,

2. има стекнато назив магистер од соодветната област,

3. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно,

4. има познавање на најмалку еден странски јазик .

По исклучок од ставот 1 на овој член, на високообразовните установи кои имаат студиски програми на интегриран прв и втор циклус на студии, за асистент може да биде избрано лице кое:

1. има завршено интегриран прв и втор циклус на академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) или

2. има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно,

3. има познавање на најмалку еден странски јазик.

За уметнички и стручен соработник може да биде избрано лице кое:

1. има завршено прв циклус на академски студии со најмалку 240 ЕКТС кредити од соодветната област,

2. има искуство во струката од најмалку три години,

3. има познавање на најмалку еден странски јазик.

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНИ ЗВАЊА

Член 13

Научен соработник може да биде лице кое има научен степен доктор на науки од подрачјето за кое се избира, објавени научни трудови, односно постигнувања во примена на научно-истражувачки резултати.

Виш научен соработник може да биде лице кое има научен степен доктор на науки од подрачјето за кое се избира, повеќе рецензирани научни трудови објавени самостојно или во соработка со други автори, учество во научно-истражувачки проекти и има значајни постигнувања во примена на научно-истражувачки резултати и придонес во оспособувањето на научно-истражувачки кадри.

Научен советник може да биде лице кое има научен степен доктор на науки од подрачјето за кое се избира, повеќе рецензирани научни трудови објавени самостојно или во соработка со други автори кои имаат значајно влијание во развојот на науката и практиката, да бил главен истражувач или има значаен придонес во реализирањето на програмите и проектите и во оспособувањето на научно-истражувачки кадри.

При изборот или преизборот во повисоко, односно исто научно звање, во предвид се земаат објавени научни трудови во научни списанија, монографии, учества на меѓународни проекти, конференции, собири, постигнати резултати и придонес во создавањето млади научно-истражувачки кадри во времето од последниот избор.

НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

Член 14

Како објавени научни и стручни трудови со кои се потврдува владеењето на проблематиката во областа во која се избира лицето се сметаат трудовите објавени во научни и во стручни списанија и во други публикации кои се од значење за развојот на науката и струката и кои го потврдуваат владеењето на проблематиката на која се избира.

Како научни и стручни списанија и други публикации се сметаат оние во кои објавените трудови подлежат на рецензија и се класифицирани како изворни, научни и стручни списанија и зборници што ги иизддаваат оделни институции или здруженија.

Како признати уметнички дела во соодветната област на уметноста за избор во наставно-научно звање се сметаат делата со кои лицето настапило на јавни и културни манифестации кои се од значење за развојот на уметноста.

Член 15

Во публикуваните научни и стручни трудови треба да е содржан приказот на резултатите од оргиналните истражувања кои можат да се оценат дека се од значење за развојот на науката и структурата во соодветната област.

Како јавни признанија за успешно дејствување во соодветната област на уметноста се сметаат јавните награди доделени за културно-уметнички настапи од републичко и од меѓународно значење.

Член 16

Како објавени научни и високостручни трудови, со кои врши значително влијание врз развојот на научната мисла и усовршување на практиката во соодветната област за избор на лицето во звањето редовен професор, се сметаат трудовите за кои добило научно, односно општествено признание за придонес

во научната област во која се избира, кои се објавени в афирмирани списанија, како и реферати и соопштенија на меѓународни собири, и учебници и монографски изданија со кои може да се оцени афирмираноста на лицето во соодветната научна и стручна област.

Како објавени научни, уметнички и високо стручни трудови, со кои врши значително влијание врз развојот на уметничката мисла и усовршување на практиката во соодветната област за избор на лицето во звањето редовен професор се сметаат трудови, концрти, изложби, јавни филмски и тлевизиски проекции, претстави, фестивали, настапи и нивно публикување во самостојни и во колективни монографии, стручни списанија, каталози и други публикации, за кои добило научно односно општествено признание за придонес во научната област во која се избира.

Член 17

Како способност за изведување наставно-образовна работа за избор во звањето доцент, вонреден професор, редовен професор, лектор, виш лектор, предавач и виш предавач се смета научно-стручната и педагошката способност на лицето што ја покажало во наставно-образовниот процес и која е позитивно оцената.

ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊА

Правила за постапката за избор во звања

Член 18

Изборот во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања се врши според постапка утврдена со овој закони со општ акт на универзитетот, односно со општ акт на самостојната висока стручна школа.

Конкурс за избор во звање и засновање на работен однос

Член 19

Избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и наставни звања и соработнички звања се врши по пат на јавен конкурс кој го распишува наставно-научниот, односно наставничкиот совет, што го објавува високообразовната установа во дневниот печат.

Конкурсот за избор во наставно-научни, наставно-стручни, односно наставни звања и засновање на работен однос се распишува за избор во сите наставно-научни, наставно-стручни, односно наставнички звања.

Конкурсот за избор во соработнички звања и засновање на работен однос се распишува за избор во определено соработничко звање.

Конкурсот за избор во звање и засновање на работен однос треба да ја содржи соодветната наставно-научна област, за која се избира лицето, утврдена со Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области (Меѓународната фраскатиева класификација), видот на работниот однос, рокот на траењето и општите и посебните услови за избор, документацијата која е од важност за изборот и други услови утврдени со закон или општ акт на

универзитетот и единицата на универзитетот, односно општ акт на самостојната висока стручна школа.

Стекнувањето на наставно-научно, наставно-стручно, односно наставно звање на избраните наставници е постапно.

Постапката по конкурсот може да трае најмногу шест месеца сметано од денот на објавување на јавниот конкурс во дневниот печат. Доколку постапката не заврши во овој рок, постапката се запира и се распишува нов конкурс.

Рокот од ставот (6) на овој член не тече во периодот од 15 јули до 25 август во календарската година.

Постапка за избор

Член 20

Изборот на кандидатите во наставно-научни, наставно-стручни, наставни, научни и соработнички звања го врши наставно-научниот совет на факултетот, односно наставничкиот совет на високата стручна школа, врз основа на оценката во рефератот на рецензиона комисија.

Изборот на редовен професор извршен од страна на наставно-научниот совет на факултетот, го потврдува сенатот на универзитетот.

Рецензионата комисија од ставот (1) на овој член, се состои од најмалку три члена и ја формира наставно-научниот совет на факултетот, односно наставничкиот совет на самостојната висока стручна школа, по завршувањето на рокот за пријавување на кандидатите.

Членовите на рецензионата комисија можат да бидат од високообразовната установа во која се врши изборот или од други високообразовни или научни установи, кои вршат високообразовна дејност во согласност со овој закон.

Член на рецензиона комисија, под истите услови определени со овој закон за членови на рецензиона комисија, може да биде и наставник од акредитирана високообразовна установа од странство со која универзитетот или неговата единица, односно самостојната висока стручна школа има склучено спогодба за меѓусебна соработка.

Повеќе од половината членови на рецензионата комисија ја сочинуваат лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни и наставни звања од истата наставно-научна, односно уметничка област во која се избира кандидатот, а другите членови може да бидат од сродна наставно-научна, односно уметничка област.

Членовите на рецензионата комисија не можат да бидат во пониско звање од звањето за кое се избира кандидатот.

За сите пријавени кандидати рецензионата комисија поднесува реферат во писмена форма во рок од три месеци од денот на доставувањето на целокупната документација до сите членови на рецензионата комисија. Рефератот содржи оценка за остварувањата на кандидатите во согласност со општите и посебните услови за избор во соодветно звање, како и предлог за избор на кандидатот во соодветно звање.

Високообразовната установа го објавува рефератот на рецензионата комисија во соодветниот билтен на универзитетот и на веб страницата на универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа најмалку 15 дена пред денот на изборот.

Рецензионата комисија во рефератот ги вреднува вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатите од почетокот на кариерата до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Ако наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет не избере предложен кандидат, конкурсот се повторува.

Изборот во звање е основа за засновање на работен однос на определено, односно неопределено време.

Постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на универзитетот поблиску се уредува со општ акт на универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа.

Засновање работен однос

Член 21

Постапката за избор во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање завршува со засновање на работен однос со полно работно време меѓу избраното лице и високообразовната установа. Работниот однос се заснова за времето на кое е избрано лицето.

Лицата избрани во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање со заснованиот работен однос остваруваат права и обврски од работен однос во согласност со овој и друг закон и колективен договор.

Лицата избрани во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање кои се во работен однос на јавна високообразовна установа, вршат и здравствена дејност во јавна здравствена установа.

Лицата кои се во работен однос во јавна здравствена установа, а се избрани во наставно-научно, научно и наставно звање односно во соработничко звање на јавна високообразовна установа, вршат и високооб-разовна дејност на јавна високообразовна установа.

По исклучок од ставот (1) на овој член, лицата од ставовите (3) и (4) на овој член високо-образовната, научноистражувачката и здравствената дејност ја вршат како неделива функционална целина со поделба на работното време во двете установи.

Условите и начинот според кои лицата од ставо-вите (3), (4) и (5) на овој член вршат здравствена, односно високообразовна и научноистражувачка дејност, се уредуваат со спогодба меѓу јавната високообразовна и јавната здравствена установа, во согласност со закон.

Едно лице не може да биде избрано истовремено во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање на повеќе од една високообразовна установа.

При мирување на работниот однос, лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање, има право да врши високообразовна дејност на прв циклус на студии без финансиски надомест.

Лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно или наставно звање, на кое му мирува работниот однос, има право да држи предавања и да биде ментор на втор и трет циклус на студии, како и да врши други активности од високообразовната дејност.

Рокови за кои се вршат изборите

Член 22

Доцент и вонреден професор на факултет, односно уметничка академија се избираат за време од пет години.

Редовниот професор на факултет, односно уметничка академија со изборот заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.

Предавач и виш предавач на висока стручна школа се избираат за време од пет години.

Професор на висока стручна школа со изборот заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето професор доживотно.

Лектор и виш лектор се избираат за време од четири години.

Асистент и се избира за време од три години, со право на уште еден избор во истото звање на иста високообразовна установа.

Уметнички и стручен соработник се избираат за време од три години, со право на реизбор неограничен број пати.

Рок за избор во повисоко звање, односно за повторен избор во звање

Член 23

Најрано седум месеци, а најдоцна шест месеци пред истекот на времето за кое е извршен изборот во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање, деканот на факултетот, односно директорот на високата стручна школа распишува конкурс за избор во сите наставно-научни, наставно-стручни, научни и наставни звања, за избор во соработничко звање асистент, односно за избор на уметнички или стручен соработник.

При изборот од ставот (1) на овој член се применуваат одредбите од овој закон за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања од член 14 од овој правилник.

Времето за распишување на конкурсот од ставот (1) на овој член се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон. На барање на лицето, рокот не мора да се продолжи.

Предвремен избор во повисоко звање

Член 24

Лицата избрани во наставно-научни, насловни, наставно-стручни и наставни звања можат да бидат избрани во повисоко звање во истата наставно-научна област и пред истекот на рокот за кој се избрани, доколку ги исполнуваат условите за избор утврдени со овој правилник и доколку имаат поминато повеќе од половина од времето во звањето во кое се наоѓаат, а покажуваат извонредни резултати во наставно- образовната дејност, научно-истражувачката работа во својата област, односно во стручно-уметничката работа и имаат особен придонес за развојот односно примената на научната односно уметничката дејност за која се избрани.

Предвремен избор во повисоко звање по истекот на половина од времето за кое е извршен изборот во постојното звање може да се спроведе за лицата кои докторирале или магистрирале на еден од првите 200 високо рангирани универзитети согласно со Шангајската листа.

Предвремен избор во повисоко звање пред истекот на најмалку половина одвремето за кое е извршен изборот во постојното звање, може да се спроведе залицата кои стекнале постдокторски научноистражувачки статус на еден од првите 50 високо рангирани универзитети согласно со последното утврдено рангирање на Шангајската листа доколку на овие универзитети раководеле научен проект.

Лице кое магистрирало или докторирало на еден од првите 200 рангираниуниверзитети согласно со последното рангирање на Шангајската листа,односно првите 200 најдобро рангирани универзитети од соодветното научно подрачје,односно првите 100 најдобро рангирани универзитети по МБА програма согласносо Шангајскиот Џио Тонг универзитет, US News and Report I Times Higher Education Supplement-World University Ranking, од научна област за која нема доволно научноистражувачка дејност во Република Македонија, може да поднесебарање за поддршка од Министерството за образование и наука кое во соработка со деканатот од соодветниот факултет, може да покренат постапка за работен однос.

Член 25

Иницијатива за предвремено унапредување на лицето од член 26 на овој Правилник даваат најмалку два института, катедри или други организациони единици на факултетот од соодветната наставно-научна област за која се врши изборот, со писмен и образложен предлог во кој особено се наведуваат постигнатите извонредни резултати на лицето.

Доколку во рамките на факултетот не постојат организациони единици од соодветната наставно-научна област од став 1 на овој член, иницијатива за предвремно унапредување може да даде соодветна организациона единица на друга виосокообразовна установа во рамките на универзитетот или најмалку 2 наставника со исто или повисоко звање од звањето за кое се предлага предвременото унапредување.

Соодветноста од претходните ставови на овој член ја утврдува наставно-научниот совет на факултетот за кој се врши изборот.Ректорот дава согласност за распишување на конкурс.

Член 26

По образложената иницијатива за покренување постапка за предвремено унапредување одлучува наставно-научниот совет на факултетот.

Лица кои не се избрани

Член 27

Ако при избор, лицето кое претходно било избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно и наставно звање биде предложено за избор во повисоко звање и не биде избрано во предложеното повисоко звање, повторно се гласа за избор во постојното звање во кое било претходно избрано.

На лицето од ставот (1) на овој член кое не е избрано ниту во постојното во звање, му престанува работниот однос.

Лицето од ставот (2) на овој член има право на приговор до органот кој одлучувал за изборот. Ако приговорот биде одбиен, лицето има право на жалба до универзитетскиот сенат, кој формира комисија од три члена, составена од редовни професори од иста или сродна научна област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друга високообразовна установа. Комисијата поднесува извештај во кој дава оцена за изборот. Одлуката на универзитетскиот сенат е конечна.

Предвремен престанок на изборот

Член 28

Лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање е должно постојано научно, стручно, односно уметнички да се усовршува и докажува, успешно да ја остварува високообразовната дејност, да придонесува за создавање наставно-научен, односно уметнички подмладок, да се грижи за успешно остварување на студиските програми и да придонесува за развојот, односно примената на научната, односно уметничката дејност за која е избран.

На лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање може да му престане работниот однос и пред истекот на времето за кое е избрано, под условите и постапката уредени со закон и статутот на високообразовната установа, ако се утврди дека подолго време не ги исполнува обврските од ставот (1) на овој член, ако ги попречува законските и статутарните активности на високообразовната установа или ги попречува другите членови во остварувањето на нивните права и извршувањето на должностите во високообразовната установа, ако престанале да постојат основните услови врз основа на кои е извршен изборот и други дисциплински престапи.

Одлука за престанок на изборот и работниот однос пред истекот на времето за кое е избрано лицето во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање донесува наставно-научниот совет со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови, врз основа на реферат на комисија составен од три редовни професори.

Лицето од ставот (3) на овој член има право на приговор до органот кој одлучувал за престанокот на изборот.

Ако приговорот биде одбиен, лицето има право на жалба до универзитетскиот сенат, кој формира комисија од три члена, составена од редовни професори од иста или сродна научна област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друга високообразовна установа. Комисијата поднесува реферат во кој дава оцена за постоењето основи за престанок на изборот и работниот однос.

Сенатот одлуката по жалбата ја донесува со мнозинство од вкупниот број членови.

Одлуката на универзитетскиот сенат е конечна.

Против одлуката на сенатот може да се покрене судска постапка.

Одредбите од овој член соодветно се однесуваат и на самостојните високи стручни школи.

Право на вршење дејност во друга високообразовна установа

Член 29

Лице од една единица на универзитет може да врши високообразовна дејност во друга единица на универзитет во звањето во кое е избрано на иста или сродна наставно-научна, односно уметничка област.

Лице од еден универзитет може да врши високообразовна дејност во единица на друг универзитет, односно самостојна висока стручна школа во звањето во кое е избрано на иста или сродна наставно-научна, односно уметничка област, врз основа на согласност на сенатот на универзитетот на кој е избрано дадена по претходно мислење на наставно-научниот совет на единицата на универзитетот.

Лице од една самостојна висока стручна школа може да врши високообразовна дејност во друга висока стручна школа, во звањето во кое е избрано на иста или сродна наставно-научна, односно уметничка област, врз основа на согласност на самостојната висока стручна школа на која е избрано.

Условите, начинот и постапката под кои лицето од ставовите (1) и (2) од овој член може да врши високообразовна дејност се утврдуваат со статутот на универзитетот, односно на самостојната високообразовна установа.

Визитинг наставници

Член 30

По покана од наставно-научниот совет на факултетот, односно наставничкиот совет на високата стручна школа, наставници од акредитирани високообразовни установи, признати научници и истакнати уметници од земјата и странство, можат како гости, без распишување на конкурс, да извршуваат високообразовна и научно-истражувачка, односно уметничка дејност за определено време.

Начинот, времето и условите под кои се врши дејноста од ставот (1) на овој член се уредуваат со статутот на универзитетот, односно самостојната висока стручна школа.

Афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката

Член 31

Афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката, без оглед на исполнетоста на условите утврдени со овој закон за избор во звање како специјалисти и експерти, по покана, можат да изведуваат настава за одделни делови од наставен предмет, во обем и според условите определени со статутот на високообразовната установа.

Насловни звања

Член 32

Афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката, кои ги исполнуваат условите за избор во звања, а за кои нема слободно место за избор во наставно-научно звање можат да се избираат на универзитетот во звањето насловен доцент или насловен вонреден професор, според условите и постапката утврдени со овој закон.

Лицата избрани во насловни звања можат да учествуваат во вршење на високообразовна дејност најмногу до 30% од редовните обврски на соодветното наставно-научно звање. Видот и обемот на учеството на лицето избрано во насловно звање во вршењето на високообразовната дејност го утврдува наставно-научниот совет, во согласност со општ акт на универзитетот.

Лицата избрани во насловни звања не можат да бидат ментори на магистерски или докторски трудови.

Лицето избрано во звањето насловен доцент или насловен вонреден професор може да врши високообразовна дејност само на универзитетот на кој го стекнало тоа звање.

Едно лице не може истовремено да биде избрано во насловно звање на повеќе од еден универзитет.

Доколку лицето кое било избрано во звањето насловен доцент или насловен вонреден професор на една високообразовна установа, биде избрано во наставно или наставно-научно звање и заснова работен однос на таа или друга високообразовна установа, изборот во насловно звање му престанува.

На лицето му престанува звањето насловен доцент или насловен вонреден професор на крајот од учебната година во која наполнило 67 години старост.

Еквиваленција на звања

Член 33

Заради вршење на високообразовна дејност, под условите утврдени со овој закон научните звања стекнати според одредбите на законот со кој се уредува научно-истражувачката дејност, одговараат на следните наставнички звања утврдени со овој закон:

- научен советник на редовен професор,

- виш научен соработник на вонреден професор,

- научен соработник на доцент и

- соработник во научно-истражувачката дејност насоработник во високообразовна установа.

Еквивалентните звања од ставот (1) на овој член можат да се користат како наставно-научни и соработнички звања, ако научната установа добила акредитација за вршење на последипломски и докторски студии, во обем и под условите утврдени со овој закон и со решението за акредитација.

Почесен професор и почесен доктор на науки

Член 34

На истакнат професор од универзитет во Република Македонија и од странство, кој дал посебен придонес за развојот на високообразовната дејност, на предлог на единицата, универзитетот може да му додели звање почесен професор (profesor honoris causa).

На истакнати научни, културни, деловни и други лица од земјата и странство, кои со своите дела дале посебен придонес за развојот на научната мисла, културата, или на друг начин придонеле за развојот на високото образование, на предлог на високообразовна установа, односно на акредитирана научна установа, универзитетот може да им додели титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa).

Поблиски одредби за доделување звање почесен професор и титула почесен доктор на науки и за нивни-те права се утврдуваат со статутот на универзитетот.

Професор емеритус

Член 35

Универзитетот може, на предлог на наставно-научниот совет на факултет во негов состав да му додели звање професор емеритус на редовен професор во пензија, кој посебно се истакнал со својата научна, односно уметничка работа, кој стекнал меѓународна репутација и постигнал резултати во обезбедувањето на наставно-научен и соработнички подмладок во област во која е избран.

Вкупниот број на професори емеритус не може да биде повеќе од 5% од вкупниот број на наставници на универзитетот.

Професор емеритус може да учествува во изведувањето на настава на втор и трет циклус на студии, во областа во која е избран.

Поблиски одредби за доделување звање професор емеритус и за неговите права се утврдуваат со статутот на универзитетот.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 36

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Универзитетскиот сенат.

Член 37

За измени и доплонувања на Правилникот се спроведува постапка иста како ипри негово донесување.

Член 38

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување, од страна на Универзитетскиот сенат.

Претседател на Универзитетски сенат:

Вонреден професор д-р Љупчо Сотироски

